Република Северна Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47-552-661

**Бр. 7**

**28.04.2026**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

***за објавување на Одлука за донесување на Урбанистички план вон населено место КО Суво Грло за намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели кои се градат на земјиште) со моќност до 10 MW, Општина Демир Хисар, за ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2023-2028***

1.Ја објавувам Одлука за донесување на **Урбанистички план вон населено место КО Суво Грло за намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели кои се градат на земјиште) со моќност до 10 MW, Општина Демир Хисар, за ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2023-2028** , донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 24.04.2026 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-422/1 Општина Демир Хисар**
**28.04.2026 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Согласно член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (сл.в. на РМ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24), член 15 став 1 точка 1 и член 43 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), а во согласност со член 51 став 1 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24 , 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), како и врз основа на добиената согласност со број 21-2518/1, од 27.03.2026 година, од Министерството за транспорт - Сектор за уредување на просторот, Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 24.04.2026 год. ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

За донесување на

**Урбанистички план вон населено место КО Суво Грло за намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели кои се градат на земјиште) со моќност до 10 MW, Општина Демир Хисар, за ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2023-2028**

Член 1

Со оваа одлука се врши донесување **на Урбанистички план вон населено место КО Суво Грло за намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели кои се градат на земјиште) со моќност до 10 MW, Општина Демир Хисар**, со тех.број: 0801-06-11/22 од 08/2025 година со површина на плански опфат од 10,63 ха , за ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2023-2028изработен од Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ БИТОЛА

Член 2

Планскиот опфат на Урбанистички план вон населено место КО Суво Грло за намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели кои се градат на земјиште) со моќност до 10MW, Општина Демир Хисар, се наоѓа во КО Суво Грло и ги опфаќа целосно следните катастарски парцели: КП359, КП360, КП361, КП363, КП364, КП365, КП366, КП574, КП577, КП578, КП579, КП580, КП581, КП583/1, КП583/2, КП584, КП585, КП586, КП587, КП588, КП589, КП590, КП592, КП593, КП594, КП597, КП598, КП600, КП601, и опфаќа делови од КП362, КП599, КП870/1.

Опфатот на урбанистички план вон нселено место изнесува 10,63 ха.

Во границите на планскиот опфат дефинирани се градежни парцели и јавно земјиште со следните поединечни класи на намени:

- Д2.1-разделно зеленило
- Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани
- Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија - трафостаница
- Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури

Член 3

**Урбанистички план вон населено место КО Суво Грло за намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели кои се градат на земјиште) со моќност до 10 MW, Општина Демир Хисар**, со тех.број: 0801-06-11/22 од 08/2025 година со површина на плански опфат од 10,63 ха , за ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2023-2028, изработен од Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ БИТОЛА, содржи планска документација со текстуален и графички дел.

Член 4

Составен дел на оваа Одлука е извештајот од Јавна анкета со бр.11-28 од 09.01.2024 год.

Член 5

Целокупната документација за **Урбанистички план вон населено место КО Суво Грло за намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели кои се градат на земјиште) со моќност до 10 MW, Општина Демир Хисар,** е составен дел на оваа одлука а за негова реализација се грижи **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** при Општина Демир Хисар.

Член 6

Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-384/3 Совет на ОпштинаДемирХисар
24.04.2026 година Претседател
Демир Хисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

***за објавување на Одлука за измени и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Пелагониски плански регион***

1.Ја објавувам Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Пелагониски плански регион, донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 24.04.2026 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-422/2 Општина Демир Хисар**
**28.04.2026 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 31 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ" бр.24 од 29.01.2021 год.), а во врска со член 94 став 2 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен весник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 24.04.2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за измени и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Пелагониски плански регион**

Член 1

Во Одлуката за основање на Центар за развој на Пелагонискиот плански регион со број 17-881/5 од 26.08.2021 година (Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 14 од 30.08.2021 година, членот 11 се менува и гласи:

Висината на финансиските средства кои ќе ги издвојува секоја единица на локалната самоуправа, која е во состав на Пелагонискиот плански регион, се определува на 26 денари по глава на жител.

Висината на финансиските средства кои единиците на локалните самоуправи ги трансферираат за тековното работење на Центарот, може да се промени со Одлука на Советите на единиците на локалната самоуправа, кои се во состав на Пелагонискиот плански регион.

Трансферот на средствата ќе се врши два пати годишно, но најдоцна до 15 декември во тековната година.

Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион има сметка во системот на Трезорската сметка.

Член 2

Одлуката влегува во сила од 01.01.2027 година, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-384/4Совет на Општина ДемирХисар
24.04.2026 година Претседател
Демир Хисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

***З А К Л У Ч О К***

***за објавување на* Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Годишната Програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2025 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Годишната Програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2025 година, донесен на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 24.04.2026 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-422/3 Општина Демир Хисар**
**28.04.2026 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 92 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седница одржана на 24.04.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештај за реализација на Годишната Програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2025 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Годишна Програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2025 година со архивски број 14-323/1 од 25.03.2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-384/5Совет на Општина ДемирХисар
24.04.2026 година Претседател
Демир Хисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

***З А К Л У Ч О К***

***за објавување на* ПЛАН за редовно одржување на општинските патишта на подрачјето на општината Демир Хисар за 2026 година**

1.Го објавувам Планот за редовно одржување на општинските патишта на подрачјето на општина демир хисар за 2026 година, донесен на седницата на

Совет на Општина Демир Хисар одржана на 24.04.2026 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-422/4** **Општина Демир Хисар**
**28.04.2026 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр 5/2002 год.), член 34 од Законот за јавни патишта(„Службен весник на РМ„ бр 84/2008 год.), член 6 и член 19 од Правилникот за мерките за одржување на јавните патишта, начинот и роковите за нивно извршување,како и видот и начинот на извршување на активностите за редовно, зимско, периодично и интервентно одржување на јавните патишта („Службен весник на РМ„ бр 152/2008 год.) како и член 43, став 1, точка 21 од Статутот на Општина Демир Хисар („Сл.гласник на општина Демир Хисар„бр. 3/2002 год.), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 24.04.2026 година донесе

# ПЛАН

За редовно одржување на општинските патишта на подрачјето на општината Демир Хисар за 2026 година

1. Општинските патишта на подрачјето на општината Демир Хисар определени се со Одлука на Советот на општината Демир Хисар бр.07-831/8 од 15.11.2011 година.
2. Состојбата на општинските патишта дадена е во сл. табела:

| | | Должина на патните правци | Потреба од крпење на ударни дупки и попречни прекопи | Потреба од косење на банкини од трева, трње и сл. | Потреба од чистење од земјен нанос | Потреба од чистење на одводни канали, риголи, пропусти и сл. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | км | $м^2$ | $м^1$ | $м^3$ /$м^2$ | $м^1$ |
| 1. | Врска регионален пат Р1305-Смилево | 10,00 | 85 | 15000 | по потреба | по потреба |
| 2. | Врска регионален пат Р1305-Стругово | 2,50 | | 3500 | | |
| 3. | Врска регионален пат Р1305-Кутретино | 2,00 | 60 | 1000 | | по потреба |
| 4. | Врска регионален пат Р1305-Вардино -Р2339 (раскрсница Света) | 10,00 | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Врска регионален пат Р1305-Вардино-крак за Суводол | 1,50 | | 1500 | | по потреба |
| 6. | Врска регионален пат Р1305-Слепче со крак за манастирот Добромирово | 6,00 | 79 | 8000 | по потреба | по потреба |
| 7. | Врска регионален пат Р1305-Кочишта (до граница со општина Крушево) | 12,00 | | 16000 | | |
| 8. | Врска регионален пат Р1305-Кочишта-крак за Прибилци | 0,50 | | | | |
| 9. | Врска регионален пат Р1305-Кочишта-крак за Ново село | 0,50 | | | | |
| 10. | Врска регионален пат Р1305-Кочишта-крак за Ракитница | 1,50 | | 600 | | |
| 11. | Врска регионален пат Р1305-Кочишта-крак за Растојца | 0,50 | | | | |
| 12. | Врска регионален пат Р1305-Радово | 6,00 | | | | |
| 13. | Врска регионален пат Р1305-Радово-крак за Суво Грло | 1,00 | | 1000 | | |
| 14. | Врска регионален пат Р1305-Железничка станица | 0,50 | | | | |
| 15. | Врска регионален пат Р1305-Сопотница | 1,00 | 40 | | | |
| 16. | Врска регионален пат Р1305-Жван | 1,50 | | | | |
| 17. | Врска регионален пат Р1305-Велмевци | 1,50 | | 3000 | | |
| 18. | Врска регионален пат Р1305-Базерник | 5,00 | 18 | 8000 | по потреба | по потреба |
| 19. | Врска регионален пат Р1305-Зашле | 11,00 | 25 | 6000 | по потреба | по потреба |
| 20. | Врска регионален пат Р1305-Мало Илино | 5,00 | | 5000 | по потреба | по потреба |
| 21. | Врска регионален пат Р1305-Железнец | 0,50 | | | | |
| 22. | Врска регионален пат Р2339-Бараково | 0,50 | | 300 | | |
| 23. | Врска регионален пат Р2339-Вардино | 1,50 | | 2000 | | |
| 24. | Врска регионален пат Р2339-Единаковци | 1,00 | | | | |
| 25. | Врска регионален пат Р2339-Света | 1,00 | | 800 | | |
| 26. | Врска регионален пат Р1306-Сладуево | 0,50 | | 300 | | по потреба |
| 27. | Врска регионален пат Р29371-Слоештица | 4,00 | | 4000 | | |
| 28. | Врска регионален пат Р29371-Мренога | 1,00 | | 300 | | |
| 29. | Врска регионален пат Р29371-Вирово | 3,00 | 10 | 2500 | по потреба | по потреба |
| 30. | Врска регионален пат Р29371-Церово | 4,00 | | | | |
| 31. | Врска регионален пат Р29371-Лесково | 3,00 | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 32. | Врска регионален пат Р29371-Боишта | 3,00 | | | | |
| 33. | Врска Смилево-споменик „Даме Груев„ | 1,00 | | 500 | по потреба | по потреба |
| 34. | Врска Обедник преку Ман. „Св. Петар„ за Боишта | 15,00 | | 4000 | по потреба | по потреба |
| 35. | Врска Обедник-Метимер (до граница со општина Битола) | 4,00 | | | | |
| 36. | Врска Стругово-Загориче | 2,00 | | 2000 | по потреба | по потреба |
| 37. | Врска Стругово-Лесково | 10,00 | | | | |
| 38. | Врска Суводол-Манастир „Св.Богородица„ | 3,00 | | 3000 | | по потреба |
| 39. | Врска Слепче-Лесково | 10,00 | | | | |
| 40. | Врска Слепче-Белче | 2,00 | | | | |
| 41. | Врска обиколен пат Демир Хисар -пат за с. Слепче | 1,50 | | | | |
| 42. | Врска Граиште-Манастир „Св. Тома„ | 3,00 | | 3000 | по потреба | по потреба |
| 43. | Врска Прибилци-Сладуево | 2,00 | | | | |
| 44. | Врска Прибилци-Сопотница | 4,00 | | | | |
| 45. | Врска Радово преку манастир „Св.Атанасиј „ за Сопотница | 5,00 | | 5000 | | |
| 46. | Врска Р1306- манастир „Св.Атанасиј „ Жу̀рче | 3,00 | 10 | 3000 | | по потреба |
| | **ВКУПНО:** | **168,00** | **327** | **99300** | | |

**При косење на банкините да се внимава на прегледност на кривините.**

3. При редовното одржување се преземаат мерки во текот на годината заради обезбедување на услови за безбедно користење и употреба на патот.
4. Средствата за редовно одржување на општинските патишта ги обезбедува општина Демир Хисар согласно Годишната програма за изградба, реконструкциј а и одржување на општинските патиша и улици.
5. Редовното одржување на општинските патиштата ќе го врши ЈКП „Комуналец„ согласно Одлуката за делегирање на надлежност за редовно одржување на општинските патишта и улици Бр.17-438/12 од 27.04.2018 година донесена од Совет на општина Демир Хисар.

Бр. 17-384/6Совет на ОпштинаДемирХисар
24.04.2026 година Претседател
Демир Хисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката за измени и дополнување на Статутот на ОУ Дом на културата „Илинден“ Демир Хисар***

1.Ја објавувам Одлуката за давање согласност на Одлуката за измени и дополнување на Статутот на ОУ Дом на културата „Илинден“ Демир Хисар, донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 24.04.2026 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-422/5 Општина Демир Хисар**
**28.04.2026 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ” бр. 202/24) и член 94 став 2 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 24.04.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлуката за измени и дополнување на Статутот на ОУ Дом на културата „Илинден” Демир Хисар**

Член 1

Се дава согласност на Одлуката за измени и дополнување на Статутот на ОУ Дом на културата „Илинден” Демир Хисар со број 02-38/2 од 20.04.2026 година, донесена од Управен одбор на Дом на културата „Илинден” Демир Хисар.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр. 17-384/7Совет на ОпштинаДемирХисар
24.04.2026 година Претседател
Демир Хисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и 202/24) и член 71 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.5/02, 4/05, 7/09, 18/14, 16/13, 10/19, 7/21 и 21/23), Градоначалникот на Општина Демир Хисар, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
За поништување на Јавен оглас за избор на директор на Јавна општинска установа Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар

1. Се поништува Јавниот оглас за избор на директор на Јавна општинска установа Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар, бр.08-267/3 од 05.03.2026 година, објавен во дневните весници

„Нова Македонија“, „Вечер“ и „Коха“ на 07.03.2026 година.
2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Демир Хисар".

О б р а з л о ж е н и е

Градоначалникот на Општина Демир Хисар, согласно законските прописи, објави Јавен оглас за избор на директор на Јавна општинска установа Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар бр.08-267/3 од 05.03.2026, кој беше објавен во дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Коха“ на 07.03.2026 година.

На ден 31.03.2026 година, Општина Демир Хисар доби известување за вршење на вонреден инспекциски надзор од страна на Министерството за култура и туризам-Сектор за управен и инспекциски надзор со ИП бр.57-17, заведено во архивата на Општина Демир Хисар под архивски број 08-349/1.

На ден 01.04.2026 година, извршен е вонреден инспекциски надзор од страна на помошник главен инспектор за култура, за утврдување дали процедурата за избор на директор на Јавна општинска установа Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар е спроведена на начин и постапка согласно Законот за културата и Статутот на установата.

Надзорот е извршен по претходно поднесена иницијатива од физичко лице до Министерството за култура и туризам-Сектор за управен и инспекциски надзор заведена во Министерство за култура и туризам со број 57-3769/1 од 13.03.2026 година, за утврдување дали процедурата за избор на директор на Јавна општинска установа Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар е спроведена на начин и постапка согласно Законот за културата и Статутот на установата а доставена од инспекторот до општината и заведена во архивата на Општина Демир Хисар под број 08-349/2 на 01.04.2026 година.

По препорака на инспекторот, од страна на Општина Демир Хисар изготвена е службена белешка бр.08-349/3 на 01.04.2026 година, со која привремено се запира постапката по огласот, до изготвување на записник и решение од страна на Министерството за култура и туризам-Сектор за управен и инспекциски надзор.

По увидот во документацијата и постапката, составен е Записник ИП1 бр.57-17 од 06.04.2026 година, заведен во архивата на Општина Демир Хисар под број 08-349/4 на 14.04.2026 година, во кој е констатирано дека при објавување на конкурсот не се целосно запазени одредбите од член 29 став 3 алинеја 2 и 5 од Законот за културата, односно не се наведени сите услови коишто треба да ги исполнува кандидатот, со кои меѓудругото се предвидува како услов за избор на директор на национална или општинска-градска установа и следново:

**-во моментот на избирањето** со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија дејност или должност;

-да има меѓународно признат сертификат или уверение за познавање на англискиот јазик и тоа: **ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 30 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 3 бода, КЕТ (КЕТ) Cambridge English- положен, АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (В2),** или да има сертификат, уверение или потврда со кое се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија(англиски, француски или германски јазик) на најмалку ниво Б2 (В2) од Европската референтна рамка за

јазици, издадени од установа или институција во државата или странство, регистрирана како давател на оваа услуга, исвен за наставниците кои предаваат предметите англиски јазик, француски јазик или германски јазик.

Согласно записникот е донесено Решение ИП1 бр.59-17 од 14.04.2026 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар со архивски број 08-349/5 на 20.04.2026 година, со кое и се наредува на Општина Демир Хисар, како субјект на надзор, да превземе мерки за отстранување на утврдените неправилности наведени во записникот ИП1 бр.57-17 од 06.04.2026 година.

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

08-349/6
21.04.2026

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Никола Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и 202/24) и член 71 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.5/02, 4/05, 7/09, 18/14, 16/13, 10/19, 7/21 и 21/23), Градоначалникот на Општина Демир Хисар, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
За поништување на акти за избор на директор на Јавна општинска установа Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар

1. Се поништуваат акти по Јавниот оглас за избор на директор на Јавна општинска установа Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар, бр.08-267/3 од 05.03.2026 година, објавен во дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Коха“ на 07.03.2026 година.

2. Се поништуваат следниве акти: Решение за распишување на Јавен оглас за избор на директор на Јавна општинска установа Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар Бр.08-267/1 од 05.03.2026, Решение за формирање на комисија за спроведување на Јавен оглас за избор на директор на Јавната општинска установа Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар бр.08-267/2 од 05.03.2026, Пријава по јавен оглас бр.08-267/4 од 06.03.2026 и 08-267/5 од 13.03.2026, Записник од одржан состанок на комисијата за разгледување на пријави по објавен јавен оглас бр.08-267/6 од 24.03.2026 година, Записник од спроведено интервју бр.08-267/7 од 27.03.2026 година, Одлука за избор на директор на ЈОУ Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар бр.08-267/8 од 30.03.2026 и Изјава од Славче Велјановски бр.08-267/9 од 30.03.2026 година.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Демир Хисар".

О б р а з л о ж е н и е

Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе Решение за поништување на Јавен оглас за избор на директор на ЈОУ Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар со број 08-349/6 од 21.04.2026 година, согласно Записникот од Министерството за култура и туризам-Сектор за управен и инспекциски надзор бр.ИП1 57-17 од 06.04.2026 година, заведено во архивата на Општина Демир

Хисар под број 08-349/4 на 14.04.2026 година и Решението од Министерството за култура и туризам-Сектор за управен и инспекциски надзор бр.ИП1 57-17 од 14.04.2026 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар под број 08-349/5 на 20.04.2026 година

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

08-349/8
21.04.2026

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Никола Најдовски с.р.

С О Д Р Ж И Н А
----------------------------------------------------

1.Одлука за донесување на Урбанистички план вон населено место КО Суво Грло за намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели кои се градат на земјиште) со моќност до 10 MW, Општина Демир Хисар за ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2023-2028------1-2

2.Одлука за измени и дополнување на Одлуката за основање на центар за развој на Пелагонискиот плански регион-------------------------------------3

3.Заклучок за усвојување Извештај за реализација на Годишна Програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2025 година------------4

4.План за редовно одржување на општинските патишта на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2026 год--5-7

5.Одлука за давање согласност на одлуката за измени и дополнување на Статутот на ОУ Дом на култура „Илинден" Демир Хисар--------------7-8

6.Решение за поништување на Јавен оглас за избор на директор на Јавна општинска установа Дом на култура „Илинден" Демир Хисар--------------8-9

7.Решение за За поништување на акти за избор на директор на Јавна општинска установа Дом на култура „Илинден" Демир Хисар------------------------------9-10

**Издава**
**Општина Демир Хисар**
**ул.Битолска бр.8**
**тел.047 552 661, 076 359 831**